**СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ**

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Град Скопје

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за планирање и уредување на просторот

**ПРЕТСТАВНИК:** Звонимир Цветановски
Раководител на Секторот за планирање и уредување на просторот

ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА
за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош за реконструкција на спортско игралиште со инсталација на тартан подлога во Средно Училиште на Град Скопје ,,Лазар Танев'' – Скопје

Скопје,јули 2022 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 и член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02),а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09), Советот на Град Скопје на __________ седница, одржана на _______2022 година, донесе

# О Д Л У К А
## за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош за реконструкција на спортско игралиште со инсталација на тартан подлога во Средно Училиште на Град Скопје ,,Лазар Танев’’ – Скопје

### Член 1

Со оваа одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош и се уредува начинот, условите, финансирањето и други прашања заради остварување на заедничка цел и интерес за реконструкција на спортско игралиште со инсталација на тартан подлога во Средно Училиште на Град Скопје ,,Лазар Танев’’ – Скопје

### Член 2

Проценетата вредност за реконструкцијата на спортското игралиште со инсталација на тартан подлога во Средно Училиште на Град Скопје ,,Лазар Танев’’ – Скопје, од член 1 на оваа Одлука, изнесува 1.653.960,00 денари без вклучен ДДВ или 1.951.672,80 со вклучен ДДВ.

Градот Скопје во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со финансирање на реконструкцијата на спортското игралиште од член 1 на оваа Одлука, со средства обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2022 година, во висина од 1.951.672,80 со вклучен ДДВ.

Општина Карпош во остварувањето на оваа соработка, како сопственик на земјиштето каде што е изградено спортското игралиште согласно имотен лист бр. 55102 за КО Карпош, ќе даде согласност градот Скопје да изврши реконструкцијата на спортското игралиште и ќе издаде правен акт за реализација на овој објект согласно нејзините надлежности и согласно одредбите од Законот за градење.

Средствата од став 2 на овој член, ќе се користат исклучиво за намената од член 1 на оваа Одлука, согласно прописите со кои се уредува изградбата на таков тип објекти.

.

Член 3

За реализација на оваа одлука градоначалникот на Градот Скопје ќе склучи договор со градоначалникот на Општината Карпош, во форма и содржина пропишана во Законот за меѓуопштинска соработка.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број __________
________ 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
Трајко Славески

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Правен основ за донесување на оваа Одлука е членот 36 и членот 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија"број 5/02), и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија" број 79/09), согласно кои Советот на Градот Скопје е надлежен за донесување на одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка заради остварување на заеднички интереси и вршење на заеднички работи од надлежност на општините. За остварување на заеднички интереси и цели во вршењето на надлежностите, општините здружуваат финансиски и материјални средства. Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка донесува секој од советите на општините.

Врз основа на проценка извршена од страна на изработувачот на проектната документација Ј.П. Улици и патишта - Скопје, констатирано е дека за реализација на реконструкцијата на спортското игралиште со инсталација на тартан подлога во Средно Училиште на Град Скопје ,,Лазар Танев'' – Скопје потребни се 1.951.672,80 со вклучен ДДВ, додека за изведба на работите, а Општина Карпош како сопственик на земјиштето каде што е изградено спортското игралиште согласно имотен лист бр. 55102 за КО Карпош, ќе даде согласност градот Скопје да изврши реконструкцијата на спортското игралиште.

Средствата потребни за реализација на оваа одлука, Град Скопје ќе ги обезбеди од Буџетот на Град Скопје за 2022 година.
За реализација на реконструкцијата на спортското игралиште, Град Скопје ќе распише јавна набавка за избор на најповолен изведувач.
Општината Карпош ќе издаде правен акт за реализација на овој објект согласно нејзините надлежности и согласно одредбите од Законот за градење.
Врз основа на горенаведенето, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука.